*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УПІБр. 18-/24-348*
*19.08.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

## ЈАВЕН ПОВИК

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета**

**по изготвен**

Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- На исток се движи по границата на КП 1313/9, по границата на КП 1315/1, и по границата на КП 1277/1.
- На запад по осовина на новопроектирана магистрала ул.1
- На север по осовина на градска магистрала ул.Гоце Делчев
- На југ ја сече КП1396/1, ја сече КП 1395/2, ја сече КП 1278 и ја сече КП 1394/1

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 5,13ха.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.



Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 22 август 2025 год (петок) и истиот ќе трае до 9 септември 2025 год (вторник).

Јавната анкета и јавната презентација за Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 10 септември 2025 (среда) до 9 октомври 2025 год (четврток), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 25 септември (четврток) 2025 година во 13:00 часот

во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*